СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 јули 1997 година

Скопје, јули 1997 година

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 16 јули 1997 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 18,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

По исцрпувањето на дневниот ред од Шеесет и осмата седница на која што ни остана единствена точка расправата по Предлогот за донесување на законот за обесштетување на штедачите на ТАТ.

Господинот Слободан Најдовски има процедурална забелешка.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, пред продолжувањето на Шеесет и осмата седница на која што ни остана единствено точката. по однос на законот за кредитирање на штедачите на ТАТ, предлагам таа седница да не ја држиме барем не денес, ако можеме во текот на утрешниот ден од неколку причини.

Првата и основна причина е што за оваа точка, за продолжението на оваа седница сме известени непосредно пред почетокот на претходната седница која што ја имавме. Се работи за точка и за закон кој што од поодамна беше во собраниска процедура и мораме да си кажеме и тоа дека навистина сме изненадени и можеби и предухитрени да расправаме без да им се овозможи

на пратениците подетално да се припремат. На крајот на краиштата скоро никој од нас пратениците не го носи со себе тој закон, бидејќи не знаевме дека денес навистина ќе се расправа. Понатаму, сметам дека со оглед на тоа што и вчера дел од пратениците држевме и комисии, ако случајно јас велам не знам, бидејќи има и такви кои што не добија никакво известување дека оваа седница ќе се одржува. Таа е една од причините.

Втората причина која што сметам, дали воопшто и утре ќе бидеме спремни за оваа седница е следнава. Вие знаете дека кога ние баравме одложуваше на седницата господинот Михајловски тогаш пред- ложи да се одложи, донесовме два заклучоци. Првиот заклучок беше да се обидеме да изнајдеме заедничко решение и да ги приближиме ставовите на штедачите на ТАТ и Владата на Република Македонија и за таа цел заедно со пратениците од Битола е разговарано со премиерот на Владата на Република Македонија и министерот на финансии на два пати. Последниот разговор кој што го имавме на кој што присуствувавме ние пратениците, помеѓу другото имаше и еден предлог кој што од почеток се предлагаше во тие разговори, но сепак на последниот состанок се издиференцира еден предлог со кој што требаше Владата на Република Македонија по тој предлог на Здружението на' штедачите и Советот на штедачите да се произведе, па да видиме да можеме да изнајдеме решение и по тој предлог. До ден денешен ние барем како пратеници не сме известени што е по однос на тоа прашање направено. Затоа сметам дека и тоа е уште една од причините за која што не би требало барем не денес да расправаме.

И третата можеби и најважна причина за која што не би требало да расправаме денес е следнава. Вие знаете дека јас кога ја одложивме оваа расправа, предложив заклучок на сите пратеници да се достави Извештајот од страна на Народна банка во штедилницата ТАТ. Тој

заклучок беше едногласно прифатен од страна на пратениците. Јас не знам од кои причини и понатаму дозволуваме ние како пратеници да бидеме навистина девалвирани и кон нас кој како сака да се однесува. Ако не друго барем требаше да бидеме удостоени од гувернерот на Народна Банка на Република Македонија со едно известување зошто до ден денешен овој извештај не ни е доставен.

Од тие причини ако деновиве прочитавме и во весниците дека супер ревизијата која што е направена во штедилницата ТАТ излезе со сосема поинакви резултати од она кое што го имаше и ревизијата. Од причини што по мое мислење можеби овој закон е точно денес ставен на дневен ред со една навистина политичка замисла и интрига која што се случува од вчера и денес. Сметам дека навистина треба пред се да го држиме своето достоинство како пратеници и најмалку, најмалку велам што треба да дозволиме е тоа утре барем да расправаме и да се седне уште еднаш со претставниците на штедачите од Битола да се произнесат околу барањата кои што ги предложија до Владата на Република Македонија. Сметам дека политичкиот момент сега е погрешно избран и дека навистина не е целта да се разреши овој проблем, туку навистина не тера да размислуваме на друг начин кој што би го искажал во дискусијата што ќе дојде на ред. Затоа предлагам сега да не расправаме. Во спротивно јас и моите колеги од Либерално - демократската партија сметаме дека не можеме да учествуваме во расправата онака како што сега се предлага. Ова го кажувам во свое лично име и во име на моите колеги.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Седницата беше закажана за 21 мај. Според тоа, навистина беспредметно е повеќе да се одлага расправата по оваа точка од дневниот ред.

Но, јас немам никакви причини да не ги уважам овие наоди што ги искажа господинот Најдовски во името на пратеничката група и предлагам да продолжиме утре со почеток во 10 часот.

(Седницата прекина во 18,40 часот).